# MODOARS 2022
# КОНЦЕРТ

festival of contemporary music

## Камерен оркестар
## ПРОФУНДИС





**БРАНКО ПАВЛОВСКИ**
кларинет

**ЃУРГИЦА ДАШИЌ**
диригент

ПРОГРАМА:
В. А. Моцарт,
Б. Бритн,
Џ. Пучини,
П. И. Чајковски,
А. Шнитке

ВТОРНИК,
22 Ноември 2022
20:00 часот
МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА

Поддржано од:
Република Северна Македонија
Министерство за култура
МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА

**Бранко Павловски** е македонски кларинетист со богата меѓународна кариера и реноме. Во моментов тој е редовен професор на Факултетот за музичка уметност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Павловски докторирал на Факултетот за музичка уметност на Државниот универзитет на Луизијана во Батон Руж, САД, во класата на Роберт Дилутис, каде работел како асистент по кларинет се до 2011 година. Претходно во својата педагошка дејност работел како наставник по кларинет во ДМБУЦ „И. Николовски – Луј“, Скопје.

Павловски прв пат се запознава со кларинетот како инструмент и првите чекори во музичката уметност ги прави со помош на проф. Љупчо Тренчевски во НМУ во Крива Паланка. Средно музичко образование завршил во ДМБУЦ „И. Николовски – Луј“ во Скопје. Дипломирал и магистрирал на УКИМ Факултетот за музичка уметност во Скопје во класата на Проф. Иван Кочаров. Се усовршувал на постдипломски студии на Државната музичка академија во Софија во класата на Петко Радев, на Академијата за музички уметности во Прага во класата на Штјепан Коутњик, Националниот Конзерваториум во Версај во класата на Филип Купер, Националниот Конзерваториум во Авре – Париз во класата на Доминик Видал.

Павловски настапува во САД, Франција, Англија, Германија, Чешка, Полска, Унгарија, Италија, Турција, Бугарија, Грција, Хрватска, Србија и Македонија. Тој работел во Батон Руж Симфонискиот Оркестар, Воениот Оркестар на АРМ, а истотака соработувал со Акадиана Симфонискиот Оркестар, Опера Луизиана, Прага Моцарт Оркестарот, Ансамблот за Современа Музика на Националнот Конзерваториумот во Версај, Македонската Филхармонија, ФЕИМС Оркестарот, Скопски Солисти, ЛСУ Симфонискиот Оркестар, ЛСУ Дувачкиот Ансамбл и др. Настапувал на повеке фестивали во земјата и странство како што се: ЛСУ Фестивалот за современа музика во Батон Руж, MusiPoeSci во Париз, Интернационалниот музички фестивал во Дартингтон, Интервокс, Охридско лето, Скопско лето, Златна лира, МодоАрс, Есенски музички свечености, Денови на македонската музика, Штипско лето, Манифестацијата по повод денот на словенските просветители ‘Кирил и Методиј‘ во Рим, потоа преку програмите на КИЦ, Музичка Младина на Македонија, и др.

Павловски бил член на повеќе камерни состави: Скопскиот дувачки квинтет, квинтетите „Арт“ и „Нова“, Трио Академико, ЛСУ Кларинет Квинтетот, ЛСУ Камерениот Ансамбл, Академското дувачкото трио и др. Павловски е добитник на наградата Златна Лира, Музичката награда на Луизијана, наградата „26 јули“за најдобар студент на Факултетот за музичка уметност и пофалница по повод 50–годишниот јубилеј на УКИМ како признание за постигнат најдобар успех за време на студиите, како и наградата „8 Октомври“ за постигнати значајни резултати од областа на културата и музичката уметност. Истотака, Павловски е лауреат на повеќе државни и меѓународни натпревари по музика: прва награда на МТНА натреварот по камерна музика во Хемонд, САД, четири први награди на државните натпревари во Македонија, втора и трета награда на сојузните натпревари во поранешна Југославија.

**Ѓурѓица Дашиќ** дипломира на Факултетот за музичка уметност на одделот – оркестарско диригирање во класата на проф. Саша Николовски – Ѓумар. Од 2008 година е вработена во Македонската опера и балет како хор – мајстор. Учествува во поставување и во одржување на целокупниот репертоар во Македонската опера. Има соработувано со голем број истакнати диригенти во улога на соработник и на асистент – диригент: Емил Табаков, Џанлука Мартиненги, Енрико Довико, Саша Николовски – Ѓумар, Вања Николовски – Ѓумар, Урош Лајовиц и со многу други.

Како оркестарски диригент, во својата матична куќа ги диригира оперите „Рита" од Г. Доницети, „Севилски берберин" од Џ. Росини и традиционалниот концерт Млади оперски надежи „Коста Трпков" и првиот македонски мјузикл „Тајно моја",во чест на Тоше Проески. Во 2018 година го формира камерниот оркестар „Профундис"со кој активно работи како негов уметнички раководител и диригент, и реализира исклучително успешни настапи на „Охридско Лето", „Есенски Музички Свечености", „Златна Лира", „Денови на Македонска Музика", "Sorrento music festival", како и соработката со исклучително реномирани странски и домашни солисти.

**Камерниот оркестар „Профундис"** е уметнички состав кој постои веќе три години и чии цели се промоција на квалитетот и особеноста на изразот со посебен акцент на оригиналноста на сите концертни изведувања. Во него членуваат едни од најистакнатите македонски инструменталисти од Националната опера и балет и Националната филхармонија.

Покрај класичниот репертоар, кој опфаќа музичко творештво од епохата на барокот па сè до денес, камерниот оркестар „Профундис" се стреми кон развојот и на други начини на презентација (дигитални концерти, 3 де–мапинг, учество и презентација на нови технологии). Квалитетот на оркестарот составен од веќе докажани имиња и неговата флексибилност во сите стилски епохи, под уметничко водство на диригент Ѓурѓица Дашиќ, го дефинираат како уметнички ансамбл на 21 век, способен да одговори на сите барања на музичката продукција.

Интенцијата да се создаде висококвалитетен камерен ансамбл вроди со плод кој е евидентен во настапите на домашната и на меѓународната сцена. За многу кратко време од основањето, „Профундис" успева да реализира исклучително успешни, високо уметнички проекти и соработки со реномирани домашни и странски солисти. Забележителен е целовечерениот концерт во чест на еден од најистакнатите современи композитори, Арво Перт, како и концертите со нашите реномирани солисти Љубиша Кировски, Марија Ѓошевска, Благој Нацоски, Славица Мицовска, Наде Талевска, Марија Јанчулевска, Стојанче Косовски, Ана Кондратенко и Владимир Костов. Исклучителна чест и можност претставуваше соработката со светски познатата виолинистка Ирина Мурезану, со еден од најистакнатите српски виолинисти Јован Богосављевиќ, истакнатиот италијански пијанист Маурицио Мастрини, гитаристот Даниеле Ајело и диригентот Паоло Шибиља.

# Програма

**1. В. А. Моцарт**
Концерт за кларинет и оркестар А–дур К622

*I Allegro*
*II Adagio*
*III Allegro*

**2. Б. Бритн**
Варијации на тема од Ф. Бриџ

*March*
*Romance*
*Wiener waltzer*
*Bourree classique*

**3. Џ. Пучини**
Хризантеми

**4. П. И. Чајковски**
Серенада

*I став*

**5. А. Шнитке**
Полка